Funded by the
European Union

**ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ**

**ПОВИК ЗА МАЛИ ГРАНТОВИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА „ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ПРАКТИКАТА“**

Рок за доставување апликации: 31.05.2023 година

Апликантите може да прочитаат низа прашања и одговори од информативната сесија одржана на 08.05.2023 година и доставени до маилот: eidhr.grants@epi.org.mk во табелата подолу

| | **Прашања** | **Одговори** |
|---|---|---|
| **1.** | Кога треба да почне проектот? | Согласно временската рамка наведена во Повикот (дел 9: Индикативен распоред), имплементацијата на одобрениот проект ќе започне веднаш по потпишувањето на договорот за грант. |
| **2.** | Околу подобноста за аплицирање, ние сме оперативен грантист на ДЕУ, дали сме подобни за да аплицираме? | Повикот за мали грантови се спроведува во рамки на инструментот EuropeAid/174503/DD/ACT/MK, а оперативните гратови се дел од инструментот EuropeAid/171328/DD/FPA/MK. Согласно тоа, потребно е предложените активности во апликацијата да бидат целосно различни од оние предвидени во апликацијата за оперативниот грант. Истото важи и за делот предвиден со буџетската ставка 1: Човечки ресурси. Односно, со предложениот проект потребно е да предложите лица кои не се превидени во делот „човечки ресурси“ на веќе постоечкиот оперативен грант. Ова е со цел да се избегне двојно/удвоено финансирање. |
| **3.** | На колку време треба да се поднесуваат периодичните извештаи? | Поднесувањето на периодичните наративни и финансиски извештаи ќе зависи од времетраењето на предложениот проект (член 3 од договорот за грант). Поточно, доколку проектот трае 6 месеци, периодичните извештаи потребно е да се поднесуваат секои два месеца, за да има |

| | | |
|---|---|---|
| | | вкупно три периодични извештаи што ќе соодветствува на трите рати на исплата на одобрените средства. |
| **4.** | Дали организација во рамки на училиште е подобна да аплицира на грантот? | Критерумите за подобност за аплицирање  за грант се наведени во Повикот дел 2: Подобност. За да биде подобен за грант, апликантот треба да биде граѓанска организација основана во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016); основана најмалку една година пред објавувањето на овој повик; која не остварува профит; која работи на една или повеќе од релевантните области наведени во дел 3. Тематски области; директно одговорна за подготовка и управување со апликацијата, а не да работи како посредник; со соодветен организациски и финансиски капацитет. |
| **5.** | Дали има ограничување во однос на профилот на имплементаторите на проектот (вработени, невработени, службеници)? | При поднесување на апликацијата, потребно е апликантот да приложи листа на проекти (до 5) реализирани од страна на организацијата, поврзани со човековите права (или кратки биографии на персонал што работи во организацијата/на проектот со искуство во областа на човекови права). |
| **6.** | Нашата организација е релативно нова, формирана е на крајот на 2021 година и има реализирано неколку проекти и иницијативи. Дали тоа би било хендикеп бидејќи сме релативно нови во однос на други организации, со оглед на тоа дека на нови организации не им се дава шанса? | Критерумите за подобност за аплицирање  за грант се наведени во Повикот дел 2: Подобност. За да биде подобен за грант, апликантот треба да биде граѓанска организација основана во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016); основана најмалку една година пред објавувањето на овој повик; која не остварува профит; која работи на една или повеќе од релевантните области наведени во дел 3. Тематски области; директно одговорна за подготовка и управување со апликацијата, а не да работи како посредник; со соодветен организациски и финансиски капацитет. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Доколку се исполнуваат наведените услови, апликантот е подобен за грант. |
| **7.** | Дали е задолжително да ги вклучиме работните тела на Собранието/пратеници? | Подобните активности за грант се наведени во дел 4 од Повикот за грантови. Апликантите треба јасно да ги истакнат во апликацијата видот на активностите. Дополнително, одредбите за квалитет на резултатите на грантистите се содржани во член 12 од нацрт договорт за грант, објавен со пакетот документи за аплицирање на Повикот за грантови. |
| **8.** | Дали има услов колку години организацијата треба да биде регистрирана пред аплицирање на проектот? | Критерумите за подобност за аплицирање за грант се наведени во Повикот дел 2: Подобност. За да биде подобен за грант, апликантот треба да биде граѓанска организација основана во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016); основана најмалку една година пред објавувањето на овој повик; која не остварува профит; која работи на една или повеќе од релевантните области наведени во дел 3. Тематски области; директно одговорна за подготовка и управување со апликацијата, а не да работи како посредник; со соодветен организациски и финансиски капацитет. Доколку се исполнуваат наведените услови, апликантот е подобен за грант. |
| **9.** | Дали на проектот треба да бидат ангажирани 3 лица по организација? | При поднесување на апликацијата, потребно е апликантот да приложи листа на проекти (до 5) реализирани од страна на организацијата, поврзани со човековите права (или кратки биографии на персонал што работи во организацијата/на проектот со искуство во областа на човекови права). |
| **10.** | Кај нас сите се вработени, дали тие 3 биографии задолжително треба да бидат вклучени во имплементаторите на проектот или не мора сите да го спроведуваат истиот? | При поднесување на апликацијата, потребно е апликантот да приложи листа на проекти (до 5) реализирани од страна на организацијата, поврзани со човековите права (или кратки биографии на персонал што |

Funded by the
European Union

| | | |
|---|---|---|
| | | работи во организацијата/на проектот со искуство во областа на човекови права). |
| **11.** | Дали во овој проект би поддржале, во делот на градење на капацитетите, ангажирање на координатор за комуникација, видливост и застапување? | Изборот на позициите зависи од потребите на организацијата при имплементација на предложениот проект. |
| **12.** | Би сакал да проверам дали нашата идеја „Оценка на примената на ОН Рез 160 (Local partnerships for preventing and combating violence at school) во Северна Македонија досега и препораки за понатамошно унапредување“ е во рамки на вашиот повик? | Тематските области подобни за аплицирање за грант се содржани во дел 3: Тематски области во Повикот за грант. Тематски, повикот за мали грантови се однесува на конкретни приоритетни области од последниот УПП за Република Северна Македонија, кој е достапен на следниот линк: https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G18/343/58/PDF/G1834358.pdf?OpenElement Доколку апликантот работи на една или повеќе од овие области и доколку предложените проектни активности се поврзани со нив, тогаш истиот е подобен апликант за грант. |
| **13.** | Дали е во ред доколку проектот само истакнува еден проблем, а не го решава истиот? | Подобните активности за грант се содржани во дел 4: Подобни активности и буџет. |
| **14.** | Дали има правила за процентуална распределба на буџетот (хонорари, опрема и сл.)? | За имплементација на проектот важат финансиските правила на ЕУ. Препорачливо е ставката 1: Човечки ресурси (Анекс 2) да не надминува 1/3 од вкупниот буџет на проектот. |
| **15.** | Дали треба ние како организација да имаме одреден финансиски удел во проектот? | Повикот се однесува на мали грантови и не е потребно организацијата-апликант да има финансиско учество во проектот. |
| **16.** | Како организација, досега немаме учество на проекти, туку нашиот фокус е на соработка со адвокатски канцеларии во | Критерумите за подобност за аплицирање за грант се наведени во Повикот дел 2: Подобност. За да биде подобен за грант, апликантот |

| | | |
|---|---|---|
| | однос на нудење бесплатна правна помош на ранливи категории на луѓе. Дали сме подобни за учество? | треба да биде граѓанска организација основана во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016); основана најмалку една година пред објавувањето на овој повик; која не остварува профит; која работи на една или повеќе од релевантните области наведени во дел 3. Тематски области; директно одговорна за подготовка и управување со апликацијата, а не да работи како посредник; со соодветен организациски и финансиски капацитет. Тематски, повикот за мали грантови се однесува на конкретни приоритетни области од последниот УПП за Република Северна Македонија, кој е достапен на следниот линк: https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G18/343/58/PDF/G1834358.pdf?OpenElement. |
| **17.** | Во повикот е наведено дека се поттикнуваат локални организации, дали тоа значи дека активностите треба да бидат насочени кон општина или повеќе општини или стимулирате организации регистрирани надвор од Скопје, а би имале активности на национално ниво? | Локални граѓански организации се поттикнати да учествуваат, односно оние организации што можат да покажат дека нивната работа е претежно фокусирана на територија на една или повеќе единици на локалната самоуправа. Организациите чија работа е фокусирана на централно ниво не се исклучени од можноста за аплицирање. |
| **18.** | Дали под „човечки ресурси“ е вклучен и ангажман на надворешни консултанти во реализацијата на проектот? | За финансиското планирање и буџет на предложениот проект важат финансиските правила на ЕУ. Под „човечки ресурси“ треба да спаѓаат лица кои се вработени во организацијата или лица кои работат/се ангажирани во организацијата со договор за дело, додека надворешни консултанти не спаѓаат во ставката „човечки ресурси“, туку нивното финансирање може да биде предвидено во буџетска ставка 4: Други трошоци. |
| **19.** | Дали вие како финансиери на проектот, ќе застанете зад нас да ја спроведеме идејата на предложениот проект доколку добиеме грант? | Институтот за европска политика (ЕПИ) како организација која ги доделува малите грантови ќе ги поддржи сите грантисти во имплементацијата на проектот. Дополнително, ќе придонесе кон зајакнување на капацитетите на грантистите преку мониторинг посети, |

Funded by the
European Union

| | | |
|---|---|---|
| | | помош при истражување, помош при видливост и помош при финансиско работење. Во име на грантистите, ЕПИ може да се обрати до релеватни институции за потребни информации кои не им се достапни на грантистите. Наодите од истражувањата спроведени во рамките на проектот ќе бидат презентирани пред претставници од Собранието и од ООН. |
| **20.** | Дали покрај вас, може да имаме партнери за реализирање на проектот? | ЕПИ е давател на грант. Имајќи предвид дека се работи за мали грантови, потребно е да се води сметка за финансикото работење и распределба на буџетот кое може да биде отежнато во случај на аплицирање со партнерска организација. |
| **21.** | Дали ќе има обука за грантистите? | По потпишување на договорите ќе се организира еднодневна обука за финансиско работење за избраните грантисти, како и за видливост, согласно правилата на ЕУ. |
| **22.** | Дали треба во буџетот да се предвидат трошоци за ревизија на проектот? | Во буџетот, апликантите не треба да предвидат трошоци за ревизија, бидејќи се работи за мали грантови. |
| **23.** | Дали Приватен научен институт, кој е непрофитен и регистриран согласно Закон за научно-истражувачка дејност е подобен за аплицирање на повикот за мали грантови? | Критерумите за подобност за аплицирање за грант се наведени во Повикот дел 2: Подобност. За да биде подобен за грант, апликантот треба да биде граѓанска организација основана во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016); основана најмалку една година пред објавувањето на овој повик; која не остварува профит; која работи на една или повеќе од релевантните области наведени во дел 3. Тематски области; директно одговорна за подготовка и управување со апликацијата, а не да работи како посредник; со соодветен организациски и финансиски капацитет. Доколку се исполнуваат наведените услови, апликантот е подобен за грант. |

Funded by the
European Union

| | | |
|---|---|---|
| **24.** | Дали е целосно исклучено организација помлада од 1 година да аплицира? Ние сме регистрирани во Декември 2022 година и веќе имаме одобрен грант од Локалната самоуправа. Дали би можеле да се пријавиме на вашиот повик или е тоа целосно исклучено само заради овој критериум - датум на регистрирање на здружението? | Критерумите за подобност за аплицирање за грант се наведени во Повикот дел 2: Подобност. За да биде подобен за грант, апликантот треба да биде граѓанска организација основана во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016); основана најмалку една година пред објавувањето на овој повик; која не остварува профит; која работи на една или повеќе од релевантните области наведени во дел 3. Тематски области; директно одговорна за подготовка и управување со апликацијата, а не да работи како посредник; со соодветен организациски и финансиски капацитет. |
| **25.** | Ние имаме програма во рамките на која креираме проекти за чување и негување на српскиот јазик кај децата и младите од српската заедница. Работилниците за ова сезона ни беа одобрени за период до крајот на февруари, така што периодот до јуни останува без средства. Прашањето е дали ние можеме да конкурираме за оваа програма? | Критерумите за подобност за аплицирање за грант се наведени во Повикот дел 2: Подобност. За да биде подобен за грант, апликантот треба да биде граѓанска организација основана во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016); основана најмалку една година пред објавувањето на овој повик; која не остварува профит; која работи на една или повеќе од релевантните области наведени во дел 3. Тематски области; директно одговорна за подготовка и управување со апликацијата, а не да работи како посредник; со соодветен организациски и финансиски капацитет. Тематски, повикот за мали грантови се однесува на конкретни приоритетни области од последниот УПП за Република Северна Македонија, кој е достапен на следниот линк: https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G18/343/58/PDF/G1834358.pdf?OpenElement Доколку апликантот работи на една или повеќе од овие области и доколку предложените проектни активности се поврзани со нив, тогаш истиот е подобен апликант за грант. |
| **26.** | Дали организациите кои се ко-апликанти на ИПА Програмата за поддршка на мрежи и платформи на граѓански организации во | Повикот за мали грантови се спроведува во рамки на инструментот EuropeAid/174503/DD/ACT/MK, а оперативните гратови се дел од |

| | | |
|---|---|---|
| | Република Северна Македонија со референтен број: EuropeAid/167061/DD/ACT/MK се подобни како апликанти на овој Повик? | инструментот EuropeAid/171328/DD/FPA/MK. Согласно тоа, потребно е предложените активности во апликацијата да бидат целосно различни од оние предвидени во апликацијата за оперативниот грант. Истото важи и за делот предвиден со буџетската ставка 1: Човечки ресурси. Односно, со предложениот проект потребно е да предложите лица кои не се превидени во делот „човечки ресурси“ на веќе постоечкиот оперативен грант. Ова е со цел да се избегне двојно/удвоено финансирање. |
| **27.** | Дали извештајот којшто би го подготвиле треба да содржи информации за тоа што е направено по одредена препорака во период од последниот УПП (2020 – 2023г.) т.е. desk research на јавно достапни информации и документи од релевантни институции или ефектите од имплементираните препораки? | Подобните активности за грант се наведени во дел 4 од Повикот за грантови. Апликантите треба јасно да ги истакнат во апликацијата видот на активностите. Дополнително, одредбите за квалитет на резултатите на грантистите се содржани во член 12 од нацрт-договорт за грант, објавен со пакетот документи за аплицирање на Повикот за грантови. |
| **28.** | Дали тој извештај треба неопходно да ги презентира и препораките за тоа што треба да се направи по одредена тематска област во следниот период (2024-2026г.) т.е. прашалник и/или интервјуа со релеванти чинители пр. НВОи, бизниси, итн? | Подобните активности за грант се наведени во дел 4 од Повикот за грантови. Апликантите треба јасно да ги истакнат во апликацијата видот на активностите. Дополнително, одредбите за квалитет на резултатите на грантистите се содржани во член 12 од нацрт-договорт за грант, објавен со пакетот документи за аплицирање на Повикот за грантови. |
| **29.** | Дали нацрт ивештајот којшто би го подготвиле треба да биде изготвен и доставен до ЕПИ до септември 2023 т.е. истражувањето и подготовката на извештајот би траеле најмногу 2 месеци? | Препорачуваме, доколку е возможно, организациите да достават наоди поврзани со тематската област/тематските области опфатени согласно проектот, во нацрт форма со цел да бидат вклучени во инпутот од граѓанските организации за земјата во УПП кој треба да се достави во септември 2023 година. Истите наоди во текот на спроведување на проектот ќе бидат доразвиени и наградени. |

| | | |
|---|---|---|
| **30.** | Дали во буџетот во делот „човечки ресурси“ треба да бидат опфатени експертите, коишто ќе работат на дел на спроведувањето на активностите или овој дел се однесува само на човечките ресурси кои се ангажирани за раководење на проектот (координатор, асистент и сл), а експертите може да се предвидат во делот на активностите? | За имплементација на проектот важат финансиските правила на ЕУ. Под „човечки ресурси“ треба да спаѓаат лица кои се вработени во организацијата или лица кои работат/се ангажирани во организацијата со договор за дело, додека надворешни експерти не спаѓаат во ставката „човечки ресурси“. Надоместокот за експертите може да биде предвиден согласно буџетска ставка 4: Други трошоци. |
| **31.** | Со оглед на тоа што навистина е краток временскиот период од наведениот датум за потпишување на договори, до рокот за изготвување на нацрт-извештаите и препораките, не интересира дали откако ќе се изготви нацрт извештајот ќе може да се продолжи со имплементација на истражувачките активности, врз основа на кои податоци извештајот би можел да биде модификуван (со оглед да истиот е нацрт) или пак можеби да биде изготвен и втор извештај со наоди и препораки, во кој случај првичниот извештај би бил изготвен врз основа на податоците од истражувачките активности имплементирани до тој период и податоците од дотогашното работење на организацијата? | Препорачуваме, доколку е возможно, организациите да достават наоди поврзани со тематската област/тематските области опфатени согласно проектот, во нацрт форма со цел да бидат вклучени во инпутот од граѓанските организации за земјата во УПП кој треба да се достави во септември 2023 година. Истите наоди во текот на спроведување на проектот ќе бидат доразвиени и наградени. |
| **32.** | Дали на вашиот повик за доставување на апликации за човекови права може да конкурираме како основно училиште, за ученичките права? | Критерумите за подобност за аплицирање за грант се наведени во Повикот дел 2: Подобност. За да биде подобен за грант, апликантот треба да биде граѓанска организација основана во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016); основана најмалку една година пред објавувањето на овој повик; која не остварува профит; која работи на една или повеќе од релевантните области наведени во дел 3. Тематски области; директно одговорна за подготовка и управување со апликацијата, а не да работи како посредник; со соодветен организациски и финансиски капацитет. |

| | | |
|---|---|---|
| **33.** | Темата на нашиот проект со кој сакаме да земеме учество во повикот е во согласност со актуелните случувања во регионот и се однесува на градење на „Заеднички вредности“ и подигање на свеста за правата и одговорностите кај децата (ученици од основни и средни училишта). Нашето прашање е дали темата со која сме заинтересирани да се пријавиме се вклопува во рамките на повикот„ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ПРАКТИКАТА“. | Критерумите за подобност за аплицирање за грант се наведени во Повикот дел 2: Подобност. За да биде подобен за грант, апликантот треба да биде граѓанска организација основана во Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016); основана најмалку една година пред објавувањето на овој повик; која не остварува профит; која работи на една или повеќе од релевантните области наведени во дел 3. Тематски области; директно одговорна за подготовка и управување со апликацијата, а не да работи како посредник; со соодветен организациски и финансиски капацитет. Тематски, повикот за мали грантови се однесува на конкретни приоритетни области од последниот УПП за Република Северна Македонија, кој е достапен на следниот линк: https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G18/343/58/PDF/G1834358.pdf?OpenElement Доколку апликантот работи на една или повеќе од овие области и доколку предложените проектни активности се поврзани со нив, тогаш истиот е подобен апликант за грант. |